

# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН




ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ
1-9 окт 2024 Билтен бр. 574

# КЦК ДОДЕЛИ ХЕМИСКИ СЕТОВИ ЗА УЧИЛИШТАТА ВО КАРПОШ

**Во рамки на денешниот работен состанок, кој се одржа во ООУ ,,Јан Амос Коменски", Креативниот центар Карпош додели сетови за експериментирање по хемија за учениците од осмо и деветто одделение. Оваа пракитка, која секоја година се применува е од особено значење пред се за учениците и наставниците, кои преку експериментални примери се изучуваат хемиските состави и нивните намени. Преку овие сетовите значително се подобрува искуственото учење по наставниот предмет и нивните лабораториски вештини.**

**Експерименталните сетови се финансирани од Програмата за финансиска поддршка за проекти од образованието, односно од Програмата за активности во дејноста на образованието за 2024 година.**

**На оваа средба, присуствуваше претседателот на КЦК, Александра Блажевска и професор д-р Зоран Поповски, како и професорот Методија Најдовски, кој преку кратка презентација објасни за подготвувањето на хемиските сетови како дел од годинешните активности на Креативниот Центар Карпош. Исто така, дел од работниот состанок беа и одговорните предметни наставници по хемија од училиштата во Карпош.**



# КЦК ДОДЕЛИ ХЕМИСКИ СЕТОВИ ЗА УЧИЛИШТАТА ВО КАРПОШ

**По повод 48 години постоење на Општина Карпош, а во организација на Одделението за образование, се распишува Литературен конкурс на тема: "ПРИКАЗНА ЗА МОЈАТА ОПШТИНА".**
**Право на учество имаат сите ученици од 1-9 одделение од основните општински училишта на територија на Општина Карпош.**

**КАКО ДА УЧЕСТВУВАТЕ?**
**Пријавете се во своја лична творба кај Училишната комисија во Вашето училиште. Секоја литературна творба потребно е да има само ШИФРА позната само на ученикот (без име и презиме на ученикот, одделение и училиште)**
**Училишната комисија ги доставува литературните творби до Комисија за наградување на литературни творби при Општина Карпош, најдоцна до 18.10.2024 преку Архива на Општина Карпош**
**Наградените ученици од одделенска и од предметна настава ќе бидат наградени на посебен настан по повод Деновите на Општина Карпош.**
**Наградниот фонд се состои од парични награди за одделенска и за предметна настава поединечно во висина на: 1 место – 10.000 денари, 2 место – 6.000 денари , 3 место – 4.000 денари**

**Линк до Огласот  https://bit.ly/4ePBfjM**



# ЈАКИМОВСКИ СО ДЕТАЛИ ЗА ЛЕГАЛИЗАЦИЈАТА НА ТЕНИСКИТЕ ТЕРЕНИ: МВР НЕ ЈА ПОЗНАВА МАТЕРИЈАТА! ПОСТАПКАТА Е ЗАКОНСКА, ОВА Е ПОЛИТИЧКИ ПРИТИСОК ВРЗ МЕНЕ КАКО ГРАДОНАЧАЛНИК

Јас и моите колеги одговорно тврдиме дека постапката е спроведена согласно законските прописи и дека нема никаков правен пропуст. Ова е само еден обичен обид политички да се влијае пред локалните избори. Тука не се цел на напад моите пет колеги кои се наведуваат, туку јас како градоначалник, изјави градоначалникот на општина Карпош Стевчо Јакимовски на денешната прес конференција по повод поднесената кривична пријава од страна на МВР за легализација на спортски терени.

Јакимовски го демантираше тврдењето во соопштението на МВР дека станува збор за времени објекти, потенцирајќи дека терените имаат одобрение за градба, при што заклучи дека „со оваа кривична пријава која МВР помпезно ја најави во јавноста доведени сме во ситуација да објаснуваме дека „воздухот е безбоен““.

Пред прес конференцијата, градоначалникот имаше брифинг со новинарите каде што заедно со  дел од вработените во општинската администрација детално им го објаснија целиот случај за легализацијата на спортските терени на Александар Палас кои се во посед на хотелот речиси триесет години:

„Што има Фершпед? Го има Александар Палас, а Александар Палас има спортски терени кои ги користи 30 години. Што направила општина Карпош? Ги легализирала спортските игралишта кои ги користи Александар Палас. Што е важно во овој случај да се знае?

Важно е дека законот вели „се легализира се она за што се издава одобрение за градба“. Спортските терени на Александар Палас имаат одобрение за градба уште од 1999 година од Влада на ВМРО-ДПМНЕ и истите се изградени по таа скица и за тоа се платени комуналии.

Тоа што друго е важно, е што овие објекти се сопственост на Александар Палас, но во тој период не биле запишани во Катастар, па се воделе како „сопственост со незапишани права“. Бидејќи дозволата им била истечена, во 2016 година одлучиле да ги впишат во Катастар користејќи го Законот за легализација и покренале постапка за негова легализација. За легализацијата општината му наплаќа по втор пат комуналии, сега 170.000 евра.

Покрај претставниците од Општина Карпош и Кочани, на работилницата активно учествуваа и административците од скопските општини Гази Баба, Ѓорче Петров, Аеродром, Сарај и Кисела Вода.

Важно е да се знае дека земјиштето не е државно, туку е дадено на користење на Фершпед од страна на државата со надоместок. Повторно тоа го направила влада на ВМРО-ДПМНЕ.

МВР тврди дека објектите се времени, а јас морам да им кажам дека слабо ја познаваат оваа материја. Ако објектите се времени, на документот треба да стои „Решение за поставување на времен објект“, а овие терени не се времени затоа што на нив се прави градба. Тоа е исто како кога градите куќа, паркингот што го правите надвор се води како вон етажен упис во Катастарот.

Исто така многу е важно да се знае дека законодавецот смислил повеќе нивоа на одбрана од евентуална можна грешка при процесот на легализација. Прво, геодетот што го правел елаборатот не можел да отпочне со изработка на геодетски елаборат ако кај него во правилникот не стојат ваков тип на објекти. Второ, кога легализираните објекти ги предаваме во Катастар тогаш прво предметот го гледа геодет и гледа дали е се согласно закон, а потоа го гледа нивен правник. Ако предметот има било каков проблем со законитоста Катастар ќе го даде на поништување, на доработка, или ќе побара носење на нови документи.

На крајот, Градот Скопје ги пресметува комуналиите. Ако има било каков проблем Градот ќе сигнализира, рече Јакимовски.

Градоначалникот го повика обвинителството побрзо да седнат за да се расчисти овој случај, а вработените најавија дека во знак на револт повеќе нема да работат на предмети за легализација додека не се докаже вистината за овој предмет.

„Во исто време сакам да кажам овие мои колеги што работат за 30.000 денари апсолутно е нечовечки да им се валкаат нивните имиња, да се вознемируваат нивните семејства, да им се прават стресови како што им ги направија... Ние сакаме што е можно побрзо да седнеме со обвинителството и да го расчистиме овој случај, а колегите кои што работеле на сите овие предмети инсистираат дека нема повеќе да работат на предмети за легализација додека овој предмет доставен од МВР до обвинителството да се расчисти, односно додека не се докаже вистината.

На крајот уште една работа. Нели е чудно од 83 општини во Македонија, само во Карпош да има проблем со легализација. Нема проблем во Охрид, родното место на министерот за транспорт и врски, Нема проблем во Велес, родното место на министерот за внатрешни работи. Нема никаков проблем во Тетово, Чаир, Гостивар, Струга... Никаде нема проблем, само во Карпош.

А истите овие луѓе од Карпош се обучувачи за спроведување на Законот за легализација, од Карпош другите луѓе бараат мислење при решавање на комплицираниобјекти. Јасодговорнотврдамдекаовиелуѓесепрофесионалци, кои одлично си ја познаваат својата работа, и не заслужуваат од било кого ваков третман.

# ОТВОРЕНА ПРВАТА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА РОДИТЕЛСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

**Во рамки на основното училиште „Јан Амос Коменски“ во скопски Карпош, од оваа недела започнува со работа Канцеларијата за родителство која воедно е првата установа од овој тип во нашата земја. Станува збор за Канцеларија која ќе работи еднаш неделно (секоја среда) од 17 до 19 часот, и истата ќе биде достапна за родителите чиишто деца (од 6 до 10 годишна возраст) учат во основните училишта во Карпош. Имено, Канцеларијата ќе нуди поддршка за родителите преку индивидуални средби во вид на психолошко советување, како и поддршка и третман на деца и родители. Овие средби ќе бидат реализирани со ангажирање на стручни семејни советници од Експертскиот центар за родителски вештини – „Алтернатива“.**

**Канцеларијата за родителство е дел од проектот „Советувалиште за родители при Општина Карпош“ кој го реализира Експертскиот центар за родителство – „Алтернатива“, а истиот е дел од годишната Програма на локалната самоуправа за еднакви можности меѓу жените и мажите за 2024 година. За оваа намена Општината издвои 300.000 денари од својот буџет за оваа година со единствена цел, да даде сериозна поддршка и помош на родителите во совладување и унапредување на родителските вештини.**

**На денешното свечено отворање присуствуваше и градоначалникот Стевчо Јакимовски, кој во оваа пригода ја истакна важноста од функционирањето на оваа Канцеларија.**

**„Ми претставува особено задоволство фактот што токму во Карпош се отвора првата Канцеларија за родителство, чија основна цел е да понуди конкретни услуги за зајакнување на родителските вештини. Согласно издвоените финансиски средства од страна на Општината, Канцеларијата за родителство ќе работи до крајот на учебната 2024-2025 година. Меѓутоа нашите заложби се да издвоиме доволно финансиски средства и за наредните години, за да може да ја направиме Канцеларијата одржлива и постојана и да имаме континуитет во поддршката на родителството за сите наши сограѓани“ – посочи Јакимовски.**



# ЈАКИМОВСКИ: ТЕНИСКИТЕ ТЕРЕНИ НА АЛЕКСАНДАР ПАЛАС СЕ ПРАВНО ЧИСТИ КАКО СОЛЗА

**На денешната прес конференција, градоначалникот Јакимовски повторно го образложи проблемот со кој Општината се соочува station наназад неколку дена. Тој, пред новинарските екипи, со факти и документи, објасни детално за тениските игралишта на хотелот Александар Палас, за кој изминатиов период Министертвото за внатрешни работи поднесе кривични пријави за дел од вработените во Урбанизам, како и за градоначалникот Јакимовски.**

**-Зборуваме повторно за тениските терени на хотелот Александар Палас. Поднесена е кривична пријава затоа што сме извршиле легализација на овие тениски терени кои што се составен дел на Александар Палас, а за кои што има и одобрение за градба. Овде имаме тениски терени, сопственост на Борис Трајковски, изградени 2013 година од страна на Владата на Република Македонија, впишани во Катастар со имотен лист. Значи она што го тврди Владата дека се времени објекти, е тотална лага, односно на Министерстрвото за внатрешни работи. – рече Јакимовски. Тој даде и неколку примери каде што се случува истата ситуација, а кои за истите тие сопственици не одговараат по никаков Закон.**
**-Ова се Сансет тениски терени во Аеродром, значи приватна сопственост на земјиште кое што е дадено со право на користење. Потполно иста ситуација како оваа, тие истите биле 1999 година, впишани и дадено е одобрение за градба. Имаме понатака хотел Русија, изградени 2015 година тениски терени до хотелот кои се впишани исто така во Катастар.**

Следно, во парк тениските терени на Југ, тоа е 1995 година. Сите терени на Југ се впишани во Катастар како имот на тениски клуб Југ, и еве уште едно, ова се наоѓа на тениски терени во склоп на основно училиште во Кисела Вода, изградени 1995 година и сопственик е Општина Кисела Вода. Сега јас сакам да ги прашам професионалците од Министерството за внатрешни работи, како тоа впишани се во Катастар како имот сите овие тениски терени односно спортски терени во сите други општини, само во Карпош не смеело да се впишува, и како тоа сите имаат право на упис во Катастар, само господата од Александар Палас немаат право на сопственост? Овде јасно си стои во геодетските подлоги кои што се издадени 1999 година, во кои што точно се гледаат тениските терени. Ова Катастарот го снимил и го впишал се што видел на лице место и тоа е секаде. А потоа се прави излагање и на тоа излагање вие го носите основот по кој вие тоа го владеете.

Е сега, Александар Палас кога било излагањето не го доставиле документот кој што го поседувале а тоа е одобрението за градба, за да тоа им се впише како сопственост, туку тој рок тие го пропуштиле. Ова е сопсвеност на Александар Палас но со незапишани права и тие незапишани права го остваруваат преку Законот за легализација донесен 2011 и дополна 2016 година и Општина Карпош и службениците на Општина Карпош постапиле согласно Законските прописи и нема никаков пропуст. –уверливо посочи првиот човек на Општината.

-Сакам да кажам дека за ова што го прават треба да им е срам, немораше да има ваква помпезност, за се ова можевме да се разбереме. Очигледно тие сакаат да си прават маркетинг и сакам да им порачам дека ако сакате да си правите маркетинг и да си правите политичко влијание да си се вработите во маркетин агенција. А не во Министерството за внатрешни работи каде што ве плаќаме со народни пари наместо да гоните организиран криминал и корупција, вие се бавите со маркетинг и пропраганда, ова е чиста пропагадна за која што тие треба да се срамат. Сакам да нагласам дека ние со нашите колеги ќе поднесеме кривична пријава за лажно пријавување затоа што овој предмет е чист како солза и не треба за ова да бидеш посебен професионалец туку од сателит се гледа дека е политички монтиран процес во кој што колегите кои го работеле овој предмет, како колатерална штета ќе настрадаат затоа што градоначалник им е Стевче Јакимовски. – заврши Јакимовски.



# ИЗГЛАСАН РЕБАЛАНСОТ НА ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ



**Советот на Општина Карпош ја одржа својата редовна 53-та седница, каде советниците расправаа и полноважно одлучуваа по 19 точки кои се најдоа на денешниот Дневен ред. Во таа насока, по темелното образложение кое го презентираше раководителката на Секторот за финансиски прашања, Мирјана Ѓорѓиевска, со мнозинство гласови од советниците беше изгласана Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година. Потребата за донесување на оваа Одлука произлезе од релативно добрата реализација на приходите и паралелно на нив, на расходите, како и намалената дотација на приходот од данок на додадена вредност од износ 33.724.000 денари на износ 32.628.000 денари. Во контекст на образложението оди и зголемената блок дотација за основните училишта од 590.081.000 денари на износ од 628.081.000 денари. Промени на износите на одредени ставки има во сите колони во косолидираниот Буџет на Општината. Во колоната вкупен Буџет на Општина Карпош за 2024 година има промени во приходниот дел каде што претходниот износ од 1.299.451.000 денари се зголемува на износ од 1.450.692.000 денари. Промените кај одредени приходни ставки се темелат врз зголемените ставки на Данокот од доход од добивки и од капитални добивки од износ 35.650.000 денари на 42.250.000 денари, потоа на Даноците на специфични услуги од износ 263.264.000 на 345.517.000 денари, како и на Трансферите од други нивоа на власт од 55.172.000 на 74.914.000 денари. Во Буџетот на локалната самоуправа за 2024 година е извршена корекција и на расходите по програми и подпрограми. Меѓу позначајните се вбројуваат корекциите кај Програмата за Капитални трошоци на општината, каде е извршено зголемување од износ 51.090.000 на 73.330.000 денари. Зголемувањето кое е извршено на оваа ставка е поради потребата за дополнителни средства за доизградба на новата општинска зграда, како и за купување на информатичка опрема. Во програмата ГД0 – Проекти за енергетска ефикасност е извршено зголемување од износ 24.000.000 на 28.000.000 денари.**

Конкретно, оваа ставката се зголемува заради дополнителни средства со кои Општината ќе субвенционира купување на нови или поправка на постоечки лифтови и промена на покриви во куќите и зградите. Во подпрограмата Спорт и рекреација (капитални трошоци) износот од 10.000.000 се зголемува на 14.100.000 денари, поради тоа што се потребни средства за изградба и реконструкција на детски игралишта во Карпош. Поради зголеменатa потреба за одржување на основните училишта, ќе се зголемат и расходите во подпрограмата Основно образование од 29.210.000 на 43.211.000 денари. Се зголемуваат и капиталните расходи во подпрограмата ВАО, односно Детски градинки, каде средствата од 11.300.000 денари се зголемуваат на износ во висина од 13.900.000 денари. Меѓу советниците, конечно беше постигнат потребниот консензус околу предлогот за зголемување на цените за згрижување и престој на дечињата во предучилишните установи на територија на Карпош. Имено, досега месечната претплата изнесуваше 1.490 денари, а отсега за целодневен месечен престој за дете до 6 годишна возраст ќе се плаќа 2.000 денари, а истиот месечен надомест ќе изнесува и за престој и исхрана на дете од 6 до 10 годишна возраст. Како што беше констатирано, поради зголемените режиски трошоци и континуираниот пораст на цените на прехранбените производи, неопходна беше ваквата корекција на месечната партиципација во градинките, која ќе резултира со подобрување на квалитетот на услугите кои ќе ги добиваат најмладите карпошани. Советот даде „зелено светло“ за измена и дополнување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечкии поставување на нови лифтови во станбени згради. За таа намена, Општина Карпош од својот Буџет ќе обезбеди 4.000.000 денари, со кои по принципот „прв дојден – прв услужен“ ќе субвенционира најмногу до 50%, но не повеќе од 500.000 денари од вкупниот износ на вредноста на поправка и/или санацијата на постоечкиот лифт или поставување на нов лифт. Со истата динамика беа изгласани измените и дополнувањата на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни покриви на куќите. Оттука, локалната самоуправа со 4.000.000 денари ќе субвенционира најмногу до 50%, но не повеќе од 350.000 денари од вкупниот износ на вредноста на поправка и санација на кровен покривач за секоја одобрена апликација, поднесена од Заедница на станари или Управителот на станбената зграда врз основа на доставената најприфатлива понуда за материјали и работни позиции. За индивидуални станбени објекти односно за куќи, Општината ќе субвенционира најмногу до 60%, но не повеќе од 120.000 денари од вкупниот износ на вредноста на замената на азбестниот кровен покривач за секоја одобрена апликација. Советниците се изјаснија позитивно и по Предлог – Мислењата на Програмите за екскурзии, излети и други вонучилишни активности од основните училишта „Војдан Чернодрински“, „Владо Тасевски“, „Вера Циривири Трена“, „Лазо Трповски“ и „Јан Амос Коменски“. Во рамки на денешната седница беа поддржани измените и дополнувањата на Програмите за активностите на Општина Карпош за 2024 година од областа на екологијата и енергетската ефикасност, уредување на градежното земјиште, спортот, образованието, детската социјалната и здравствената заштита, како и Програмата за одбележување на 48 – годишнината од формирањето на локалната самоуправа.

# ЕСЕНСКИ ПРВАК ВО ФУДБАЛ СЕ УЧЕНИЦИТЕ ОД „ПЕТАР ПОП АРСОВ“

**На првата позиција во училишната фудбалска лига за овогодишната есенска полусезона 2024/2025, завршија младите фудбалери од ООУ „Петар Поп Арсов“.**

**Талентираните ученици од П.П.А во очекување на продолжението на понатамошните натпревари оваа есен се пласираа на првото место од табелата, заслужено, со освоени 20 бодови.**

**Додека, пак, кај стрелците на првото место заврши голгетерот Огнен Сивевски од ООУ „Димо Хаџи Димов“ со постигнати 15 голови.**

